**ТП Ревизија ВИТАНОВА**
**ул. Ленинова бр. 15, Струмица, тел: 070-310-848**

**Извештај за транспарентност за 2021 год.**

Во врска со чл.35 од Законот за ревизија (Сл.весник бр. 158/10, 135/11, 50/12, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15 и 23/16) го објавуваме следниот:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2022 г.

## 1. Опис на правната структура и сопственост

ТП Ревизија ВИТАНОВА Струмица, со седиште на ул. Ленинова бр.15 е ревизорска канцеларија формирана во согласност со Законот за ревизија, запишан како Трговец Поединец во ЦРРМ на 09. 03. 2017 год., со Лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на 29.08.2017 год. со рег.бр. 51 0145

Приоритетна дејност на ТП Ревизија ВИТАНОВА е 69.20 – Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување.

Во Институтот на овластени ревизори на РМ е запишан под Рег.бр. ТП020. Ревизија ТРЕЈД ВИТАНОВА Струмица е во целосна сопственост на Кети Витанова лиценциран ревизор со Лиценца за работа за вршење на работи на ревизија за овластен ревизор издадена од СУНР на 27.02.2017 год. со рег.бр. 213.

На 31 март 2022 година вработени се вкупно 2 лица, исто и на 31 март 2023 година 2 лица и тоа управителот Кети Витанова, асистент ревизор -Слободанка Пандева (определено работно време 30.06.2023 година).

ТП Ревизија ВИТАНОВА Струмица е осигуран од одговорност кај ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА Скопје со Полиса 130160012829 со минимална сума на покривање на штетен настан од 120.000 ЕУР во денарска противвредност за период од 23.03.2023 до 23.03.2024 год.

## 2. Опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа

ТП Ревизија ВИТАНОВА не припаѓа во професионални мрежи, освен членството во Институтот за овластени ревизори на РМ.

## 3. Опис на управувачката структура

Органи на управување: Управител (одговорно лице) Кети Витанова.

## 4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на ТП и изјава од одговорното лице за ефективноста на системот

Целта на ТП е да воспостави и одржува систем на контрола на квалитет за да обезбеди разумно уверување дека ТП и персоналот се придржуваат до професионалните стандарди и применливите законски и регулативни барања и извештаите издадени од ТП или партнерите на ангажманите се соодветни на околностите.

ТП Ревизија ВИТАНОВА Струмица има Правилник за контрола на квалитетот каде е регулиран внатрешниот систем на контрола на квалитетот на ТП.

Со Правилникот за контрола на квалитет ТП воспостави, спроведува , одржува , набљудува и применува систем на Контрола на квалитет кој обезбедува разумна сигурурност дека ТП и персоналот работат во согласност со Меѓународните стандарди за контрола на квалитет (МСКК 1) „Контрола на квалитет за фирми кои вршат ревизии и проверки на финансиски извештаи, и други ангажмани за уверување и поврзани услуги“ и Меѓународниот стандард за ревизија 220-Контрола на квалитетот на ревизии на историски финансиски информации и дека извештаите за ангажманите на ТП се соодветни

на околностите. ТП го има крајниот авторитет и сноси одговорност за системот на контрола на квалитет, ТП и секој член на персоналот, до различни степени, се одговорни за спроведување на политиките за контрола на квалитет на ТП.

**ИЗЈАВА 1 во прилог**

**5. Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно со членот 20 Законот за ревизија**
Проверка заради уверување во квалитетот на ревизорот согласно Законот за ревизија е извршена во март 2021 година и тоа во периодот 09.03.2021-17.03.2021 година.

**6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на 2022 год.:**
**Законски ревизии**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | МАКС ДООЕЛ | Струмица |
| 2 | ИВОНА ДООЕЛ | Василево |
| 3 | Неметали Огражден АД, и консолидирана | Струмица |
| 4 | ДОНИА ДООЕЛ | Прилеп |
| 5 | ДЕТОНИТ ДООЕЛ | Радовиш |
| 6 | АЛМАК ДОО | Струмица |
| 7 | МЕТАЛОПРОМЕТ ДООЕЛ | Струмица |
| 8 | Гранд Партнер АС ДОО | Струмица |
| 9 | ЊуМоментЊуИдеасКомпани ДОО,и консолидирана | Скопје |
| 10 | РИА КОМЕРЦ 1991 ДООЕЛ,и консолидирана | Охрид |
| 11 | ОФИС ЕКСПРЕС ДООЕЛ | Кочани |
| 12 | МАТРИКС И.Т.Глобал Сервицес Македонија ДООЕЛ | Скопје |
| 13 | СТИЛ КОН ДООЕЛ | Куманово |
| 14 | ХОЛМА ДООЕЛ | Струмица |
| 15 | ЕУРОФАСТ ГЛОБАЛ ЛИМИТЕД ДООЕЛ,и консолидирана | Скопје |
| 16 | ВАНТ ДООЕЛ | с.Куклиш |
| 17 | ХОРТЕНА ДОО | Струмица |
| 18 | МУЛТИАГРИ ДОО,и консолидирана | Скопје |
| 19 | НАЈК-ПРОМ ДООЕЛ,и консолидирана | с.Мокриево |
| 20 | СејфКонтрол Консулт доо, и консолидирана | Скопје |
| | | |

**Договорни ревизии**
АД ФК Академија Пандев Струмица
АД ФК Беласица Струмица
Тимо Транс дооел – извештај за фактички наоди
ИнтермаксРистоман дооел Струмица-ревизија на задоцнета гс
Андонов ЈИ дооел Струмица-ревизија на задоцнета гс
Бике ворлд дооел Струмица-ревизија на задоцнета гс

**7. Изјава за независно работење на ТП**
ТП Ревизија ВИТАНОВА Струмица спроведува интерни процедури за проверка на усогласеност на независноста и вработениот/те е/се независен/и од клиентите за што на почетокот на секоја година потпишува/ат изјава за независност како и изјава за независност кон конкретен клиент.

**ИЗЈАВА 2 во прилог**

**8. Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија во текот на претходната година**
ТП Ревизија ВИТАНОВА ја следи политиката на континуирана едукација на ревизори преку Институтот на овластени ревизори во рамките на КПУ. Во текот на минатата година (и предходните години) овластениот ревизор следеше обука во рамките на континуираната професионална едукација од најмалку 30 часови организирана од Институтот на овластени ревизори на РМ. Исто така ТП едуцира и потенцијален ревизор кој е во тек на полагање на испитите (второ ниво) за стекнување на звање овластен ревизор.

**ИЗЈАВА 3 во прилог**

**9. Финансиски информации:**
**- Услугите кои ги нудиме на пазаротои се:**
Ревизии на консолидирани и поединечни финансиски извештаи
Услуги на Анализа на Финансиски извештаи и историски финансиски информации
Сметководствени услуги и Услуги на даночни совети

- **Во текот на 2022 год. ТП Ревизија ВИТАНОВА има остварен вкупен приход во износ од 2.975.832 денари и тоа:**
    - од ревизии на годишни и консолидирани сметки 2.412.772 ден.
    - од други неревизорски услуги –консалтинг услуги 522.680ден.
    - останати (исплата на штета) -40.380

- **Во текот на 2021 год. ТП Ревизија ВИТАНОВА има остварен вкупен приход во износ од 5.293.341 денари и тоа:**
    - од ревизии на годишни и консолидирани сметки 3.028.819 ден.
    - од други неревизорски услуги –Книговодствени услуги 2.264.522ден.

**10. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор**
За извршените ангажмани ревизорот прима месечна бруто плата согласно законските прописи во Р.М. Доходот кој се остварува во ТП, самостојниот вршител го прима вид на лично примање што се исплатува на ревизорот по платениот ПДД според Законот за ПДД, а останатите вработени им се пресметува месечна бруто плата според договорот за вработување.

ТП Ревизија ВИТАНОВА
Струмица, 31 март, 2023
Одговорно лице
**Кети Витанова**

**ПРИЛОГ 1:**

**Изјава**

**за ефективноста на функционирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет**

Јас, Кети Витанова, како основач и управител на ТП Ревизија Витанова, а врз основа на спроведените постапки за контрола на квалитет во текот на годината согласно Законот за ревизија и Меѓународни Стандарди за Ревизија, изјавувам дека ТП Ревизија Витанова доследно се придржува на политиките и процедурите кои го сочинуваат внатрешниот систем на контрола на квалитет, и истите функционираат најефективно.

Струмица, 31 март, 2023
Кети Витанова, *Овластен ревизор*
Управител

**ПРИЛОГ 2:**

**Изјава**

**со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на ТП Ревизија Витанова**

Јас, Кети Витанова, како основач и управител на ТП Ревизија Витанова, согласно Законот за ревизија, како и донесените политики и постапки за контрола на квалитетот на работата, изјавувам дека ТП Ревизија Витанова работи независно од клиентите за ревизија, потврдувам дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста со барањата за независност и дека истите се спроведени.

Струмица, 31 март, 2023
Кети Витанова, *Овластен ревизор*
Управител

**ПРИЛОГ 3:**

**Изјава за политиката што ја следи ТП Ревизија Витанова за континуираната едукација на овластениот ревизор**

Јас, Кети Витанова, како основач и управител на ТП Ревизија Витанова, изјавувам дека ТП Ревизија Витанова ги почитува актите и насоките за континуирана едукација на ИОРРМ согласно барањата на Законот за ревизија.

Струмица, 31 март, 2023
Кети Витанова, *Овластен ревизор*

Управител